**Апстракт**

Овој труд, покрај екстензивниот осврт кон теоријата на организациско однесување, се фокусира кон спроведување на емпириско истражување на разликите во перцепциите на вработените во хотелската индустрија во Република Македонија од аспект на работна позиција и пол. Овој труд ја истражува и поврзаноста меѓу работната позиција, односно полот и задоволството, мотивацијата, групната комуникација, личниот развој и разрешувањето на конфликти со цел добивање на детална слика за моменталната состојба на организациското однесување во македонското хотелиерство. Воедно, во трудот се споредувани индивидуалните варијабли на организациското однесување, што овозможи да се добие детална претстава за разликите помеѓу менаџерите и вработените, како и помеѓу машките и женските испитаници во поглед на индивидуалните и општествените вредности, ставовите во поглед на лидерските карактеристики и учењето и разојот. Трудот ја истражува релацијата организација-личност, а дава и широк осврт на влијанието на општествените промени врз организациското однесување во хотелиерските субјекти во РМ.

Клучни зборови: *организациско однесување, хотелиерство, задоволство од работа, мотивација од работа, пол, работна позиција*

**Abstract**

This paper, beside its extensive coverage of the theory of organizational behavior, focuses on conducting an empirical research to determine the differences in organizational perception among the employees of the Macedonian hotel industry, judging by their sex and their position in the hotel. The paper also explores the connections between sex/job position and job satisfaction, motivation, communication in a group, personal growth & development, and conflict resolution, in order to form a clear picture of the current conditions regarding organizational behavior in Macedonian hotels. Furthermore, this paper compares the individual variables of organizational behaviour, which allowed for a clearer understanding of the differences between managers and employees, as well as males and females, in the areas of individual and societal values, desired leadership characteristics, learning, and personal growth & development. The paper also explores the relation between the person and the organization, providing a wide-ranging treatment of the influence societal changes have on the organizational behaviour in Macedonian hotels.

Keywords: *organizational behaviour, hotel industry, job satisfaction, job motivation, sex, job position*